Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 25.10. 2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **31.10. 2023 година (вторник) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н  р е д**

Усвојување на Записник од триесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.09. 2023 година;

**Точка 1**
Предлог – Решение за разрешување на преставник од Министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на ЈОУДГ ''Рахилка Гонева`` Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за давање согласност за утврдување на коефициент и вредноста на коефициентот за пресметување на платата на директорите во локалните установи (ОУ Дом на Култура "Крсте Мисирков"и ОУ "Народен Музеј" Свети Николе ) од областа на културата во Општина Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување на верски објекти;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локален економски развој во 2023 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2023 година;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2023 година;

**Точка 12**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година;

**Точка 13**

Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 14**

Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.09. 2023 година

**Точка 15**

Барање финансиска помош од лицето С.П.

**Бр.0801-535**
**25.10. 2023 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
________________